**ОПШТИНА ЦЕНТАР**
Скопје

Архивски бр.: 26-4432/3
Датум: 20.11.2025

Врз основа на член 63 став (11) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 32/20; 111/23; 171/24; 224/24; 40/25; 101/25; 127/25) Општина Центар – Скопје објавува

**ОГЛАС за ЈАВНО ИЗЛАГАЊЕ на**
**Проектна програма за изработка на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 20.06 и 20.07 од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Буњаковец 2, Општина Центар – Скопје**

Во согласност член 63 став (10) од цитираниот Закон комисијата за урбанизам, формирана од градоначалникот со Решение бр. 09-2266/1 од 8.4.2025 година, достави **Известување со бр. 09-4432/2 од 29.9.2025** година **до непосредните соседи** од соседните градежни парцели и останатите сопственици во проектниот опфат, **вкупно 30** (триесет) **препорачани пратки со доставници**.
Во согласност со член 63 став (11) од Законот 10 (десет) доставници се вратија во Општината со доказ за извршен прием, а **20** (дваесет) **се вратија со доказ за неизвршен прием на препорачаната пратка** и врз основа на таквата фактографија ги известуваме непосредните соседи од соседните градежни парцели, односно останатите сопственици во проектниот опфат што не се баратели на предметната промена на градежните парцели 20.06 и 20.07 од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Буњаковец 2, Општина Центар – Скопје, за намерата на барателите за спојување на двете градежни парцели во една и можноста за поднесување приговор на Проектната програма со скица на предлог-планот за парцелација и новата диспозиција на површините за изградба.

Предметниот проектен опфат (градежни парцели 20.06 и 20.07) е дефиниран со претходно одобрена планска документација – детален урбанистички план, и тоа: Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Буњаковец 2, Општина Центар – Скопје, донесен од Советот со Одлука број 07-9331/10 од 10.12.1012 година.

**Јавното излагање ќе се одржи во просториите на Општина Центар – Скопје,** на ул. „Михаил Цоков" бр. 1, **во барака бр. 3 канцеларија бр. 6 на 27.11.2025 година** (четврток) **од 10 до 12 часот** и во закажаниот термин заинтересираните физички и правни лица може да доставаат приговори на Планската програма.

**Огласот** за организирање на јавно излагање на цитираната Проектна програма ќе се објави **на** веб страната на Општина Центар - Скопје **www.centar.gov.mk** и **на** информацискиот систем **е-урбанизам**.

**Раководител на Сектор за урбанизам на**
**Општина Центар - Скопје**
**Танкица Христова Спасовска, диа**



ул. Михаил Цоков бр.1, 1000 Скопје
тел: +389 2 3203 600 / +389 2 3203602
електронска пошта: info@centar.gov.mk
www.centar.gov.mk